**20212884516**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИНТЕРКОНЕКТОР ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ГРЦИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ДЕЛ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

Се прогласува Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 декември 2021 година.

Бр. 08-5398/1
20 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИНТЕРКОНЕКТОР ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ГРЦИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ДЕЛ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, во износ од 28.900.000 евра, доколку

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, не ги исполнува и сервисира обврските од Финансискиот договор.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Финансискиот договор од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Финансискиот договор од членот 1 од овој закон.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон може да се повлекува во најмногу 10 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 3.000.000 евра.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот, може да изнесува од четири години до 25 години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 30 дена и пет години од датумот на повлекување на траншата.

Во рамки на погоре наведените лимити за секоја транша поединечно се утврдуваат конкретните услови, вклучувајќи ја и каматната стапка.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.